# КОРЕНИ

Млад ми јунак по езеро плива
Девојка му озгор довикува
Пливај пливај лудо младо
лудо неженето
Пливај пливај за брег
да се фатиш
Јас се фаќам брегот ми се рони
Фрлај фрлај алева скутина
Јас ја фрлам ветер ја отфрла
Фрлај фрлај алева шамија
Јас ја фрлам ветер ја отфрла...

(песна што се пеела во Здуње за Велигден)

„Во Здуње двапати цутат смоквите". Старицата е толку сугестивна. Го чувствувам мирисот на правење слатко од смокви. Презаситено слатка арома што оттргнува од реалноста. Од ова село со реални координати во Порече, Западна Македонија. Од Скопската котлина е изолирано со природни бариери: Јакупица, Караџица, Сува Гора. Толку блиску до метрополата, а сепак, толку далеку.

**1283.** Крај на византиското владеење во Порече.

**1300.** Кралот Милутин на манастирот на Свети Георгија во Скопје му го подарува селото Здуње со Близанско, Мокросек и неколку други села со лозја, воденици, ниви, ливади, пасишта и планини. Села обрабени со обработена земја. Личеа на оази среде шуми и планински ртови. Денес тие се друга метафора: последни остатоци од недопрена природа. Негибнат свет. Острови во море меркантилизам, сурогати, марки и амбалажи од прехрамбени артикли, што се закануваат да ги потопат.



„Овде сум родена и мажена. Сама го засадив; да го оставеа дрвцето сами ќе го исечевме кога ќе дојде Водата", ги покажува Старицата остатоците од дрвцето од кое што остана само миризба. Имагинарна но интензивна миризба на стебло од смоква. Потсетник дека секое наше вкоренување е фикција.

Поречката котлина, тврдат геолозите, била некогаш езерско дно. Водата си пронашла пат низ клисурата на реката Треска. На едно од нејзините платоа лежи Здуње. Во еден од временските пластови никнало дрво. Сега до корен пресечено. Во очекување кањонот долг 33 километри да стане простор исполнет со вода. Исечената шума (продукт на милиони години од Создавањето) го покажува нивото на идната акумулација ‘Козјак’. Најголемо вештачко езеро во Македонија.



1476. Манастирските имоти стануваат хасови - царски имоти на султанот. Коџобашии за секоја куќа отвараат рабуш врз кој со нож ги бележат платените лири и грошови. Битолскиот кадија им поставува битолчани за полјаци. Во поречките села се вселува непокор.

16 јули 1801. Ајдути од Здуње ја ограбуваат банката во Битола. Од парите прават мост на реката Треска кај Здуње. Турска војска го сардисува селото. Во една пештера во здуњскиот сињор загинува прочуениот Сугаре. Стеван, црн селски ковач со прекар Караџа, е убиен на Караџица, заедно со помладиот Раде. Местата на нивната погибија така и се викаат: Караџев гроб, Радев гроб, Сугарева пештера. Големата Вода засекогаш ќе го препокрие со мир нивниот неспокој.

Водата носи живот. Деца во одмаралишта, домови за стари, куќи, населби. Туризам, риболов, смоларење. Раздвиженост, современи патишта. Мало стопанство и чиста индустрија. И резерви вода за Скопје. Непроцениливи во скудната за вода иднина, според планерите. Приказна стара колку светот. Расчистуваш и жртвуваш за да градиш. За да оставиш простор за нова рожба. Прашање на избор на вредности. Неминовен чекор на прогресот?

Селата се жив организам. Се раѓаат, растат, стареат и умираат. Понекогаш насилно. Тоа е судбината на Здуње. Овде сѐ ќе биде потопено. Козјата патека - единствен пат до селото. Мостот на Треска. Полициската станица од бивши времиња што го регулира секое доаѓање и заминување за Скопје. Патот што порано го нарекуваа „режимски” е толку тесен што не можат да се разминат две возила. Полицијата има сатница за насоката на возење. Патот поминува низ Козјак, шумското газдинство, над облаци, покрај ‘Забранетиот град’ - омилено ловиште на елитни ловџии.

1370. Порече е важен пат за дубровничките трговци. Големите карвани имаат своја - тврдина и работилница за потковици. Долгиот пат води за Прилеп. Потоа продолжува кон Солун. Има многу траги за овие движења и контакти. Сега ова е заспан крај во заборавено време.

„Јас останав во истото време и така застанав” - премрежија од брчки на лицето на Старицата. Загледано во запретаното огниште среде земјениот под на нејзината камена куќа. Камен во камен. Во дворот остатоци од плевна и кокошарник. Мала бавча и здивена лозница. Горните одаи се празни. Децата се одамна заминати во градови, во потрага по живеачка. Животот овде е повеќе од едноставен. Во склад со природата. Многу работа, мали потреби, скромни желби. Десетина остарени жители на Здуње живеат исти скудни животи во шест активни куќи. Остатокот од селото се скаменети сеќавања. „Дедо ми имаше шест сина и шест снаи. Заедно живееја, заедно јадеа, заедно се смееја. Кога ќе се фатеа на оро се радуваа планините”.



‘Тетка Бранка’ - нагалено ја нарекуваат градителите браната. Маркантна, оддалеку забележлива точка во пејсажот. Обезбедува работа за многу работници. Се делка камен по 12 часа на ден за мали пари. Човечкиот мравјалник со механизација откорнал цел еден рид од планината. Го вградил во насипната брана, единствена од овој вид во Македонија.

Старец качен на дудинка ги собира пчелите во старинска плетена кошница. Рој обезглавени пчели меѓу напуштените куќи на Здуње. Наскоро ќе ги сринат со булдожери. Старецот се симнува и повторно се качува. Со некаква пумпа што чади и миризливи билки конечно ги собира пчелите.

29 мај 2003. Водата доаѓа. Пред видни гости, новинари, љубопитна толпа, започнува полнењето. Пред наши очи расте водата. За една година ќе потечат и првите киловати од Козјак. Ќе светнат атоми енергија во нашите сијалици. Врз големите градби печат ставаат допирите на корисниците, не потта на градителите…

Од онаа страна на браната - пресечена река. Биолошки минимум. Сè наоколу мириса на алги. Познат крајбрежен мирис на вода што се повлекува. Соголено речно корито - рана изложена на љубопитни погледи. „Јас сум живот кој сака да живее. Јас постојам среде животот кој сака да живее” - врескаат рибите што во пластични кеси ги собираат кинеските работници. Тие овде имаат свои павилјони во населбата. Малку ги користат. Се работи неограничено. Се заваруваат големите челични прстени во браната, каде ќе истекуваат силни млазеви што ги придвижуваат турбините.

Булдожери ги срамнуваат со земја куќите и последните дрвца во Здуње. „Така дошло. Така рекле. Така треба да биде... Што да правиме ние? Каде да одиме? И така сме при крај. Не мрдаме одовде. Арна ни е куќата. Млада е, не е стара. Сами ја градевме... Не можам да свикнам на воздухот онаму горе!”

Селото се преселува точно над старото. Нови куќи со чешми и купатила. „Вода ќе имаме, ништо друго ќе немаме!” Досега носеа вода од река. На оние што живеат во Здуње им е понудено: куќа за куќа, или парично обесштетување. Сепак, не потпишаа сите...

Старицата со измрешкано лице загледана во сегашноста која е веќе минато. Не затоа што таа се доближува до нејзиниот крај. Ќе го снема селото. Ќе живее само уште некое време во нејзините сеќавање. Каде да ја смести првата снегулка што ѝ го маѓепса левото око? Топлината на земјата во летно попладне? Миризбата на зрело жито? Нема преселба за спомени. За свадбарски песни, плач на бебе, камбани што бијат за селото или за неговите жители... не се знае.





На соседниот рид, над езерото, се преселени и гробиштата. „Картонски гробишта", вели незадоволно Старецот. Трите стари гроба од минатиот век се пренесени какви што беа сосе мов. Старо-новите гробишта се низа од 240 гробни места под мермерни плочи. Со имиња во бескрај... При откопувањето се пронајдени и по десет слоја во коишто биле погребувани покојниците. Цели родословни стебла. Корења подлабоки од оние на смоквата од Почетокот.

Пренесени се, камен по камен - и три црквички. Нивните темели ќе останат како белег под водата. Црквичката на Свети Петар и Павле за Петровден ќе ги собере луѓето од Порече. Нема посоодветен начин за да се зачува нешто од заборавот. За да не се прекине споната со минатото. За тоа да не стане само миг, асоцијација, миризба...

Едно нешто ме мачи: што ако од сево ова ќе имаат корист само наредните две генерации? Што ако новите технологии пронајдат нов начин за добивање енергија? Што ако за нас грандиозниот настан тие го сместат во графата застарени?

пишува: Тања Битољану - Плавшиќ
фото: Димитар Владички